**20262183538**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 септември 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА ЖЕНИТЕ КОИ ВРШАТ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/26), во делот I ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 2.500.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.253/25 и 174/26) раздел 14004, потпрограма 23, ставка 464 - разни трансфери кои од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата) ќе се користат за финансиска поддршка во износ од 100.000,00 денари за деветмесечен надоместок за мајчинство на жените кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец стекнат согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Дел од средствата од ставот (2) на овој дел во износ од 100.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2025 година.“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-6785/10
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.